Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 267//0306
27.12 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12.12.2024 година, врз основа на примена жалба од Данела Арсовска**,** Градоначалничка на Град Скопје, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Егото на Данела поважно од подобрувањето на јавниот превоз!?“**, објавен на онлајн медиумот Локално (lokalno.mk), на 18.11.2024 отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката Данела Арсовска**,** Градоначалничка на Град Скопје, на 22.11.2024 г. до СЕММ упати жалба за текстот со наслов **„Егото на Данела поважно од подобрувањето на јавниот превоз!?“,** при што се жали дека се прекршени етичките и професионалните стандарди во известувањето по повеќе основи, почнувајќи од нефер и неточно известување.

Притоа, жалителката наведува дека медиумот манипулативно и невистинито тврди дека Арсовска не сакала да биде присутна на настан „поради нејзиното его, за да не се сретне со претставници на владата“, дека автобусите се уште не се во функција поради истите причини и дека не била обезбедена втората страна, со што е нарушен и член 1 од Кодексот.

Жалителката истовремено тврди дека не било обезбедено правото на одговор, затоа што прашањата до Градоначалничката преку нејзината администрација биле упатени по електронска пошта само 7 минути пред да биде објавен текстот на онлајн медиумот, со што не е оставено разумно време за одговор.

Жалителката, преку нејзиниот адвокат, наведува пошироко и други основи зошто смета дека содржината е неетичка и непрофесионална, а во прилог ја достави и целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот).

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот потпишан од главниот уредник **Влатко Зорба**, во кој во целост се отфрла жалбата. Во одговорот се наведува дека „второ мислење за наводите кои се добиени од вработени во ЈСП е побарано од Госпоѓата Данела, тоа што нејзината прес-служба не е доволно ажурна да одговори на прашањата не е наш проблем, тоа и го воочивме. Во секој случај, нејзиниот демант е објавен во целост во следниот текст“.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов **„Егото на Данела поважно од подобрувањето на јавниот превоз!?“**, објавен на онлајн медиумот Локално (lokalno.mk), на 18.11.2024 отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што е прекршен член 13 од Кодексот на новинарите на Македонија.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и потврди дека станува збор за текст кој третира прашање што е од голем јавен интерес. Во текстот, Комисијата констатира дека има отстапување, пред сé во насловот, при што преку коментар е даден вредносен суд дека, поради егото на градоначалничката, шесте автобуси донација сé уште не се пуштени во сообраќај на редовните линии на ЈСП Скопје.

Насловот на текстот е извлечен од тврдење на анонимен извор на редакцијата, кој тврди дека е од редот на вработените во ЈСП. Медиумот може да употребува анонимни извори доколку тоа изворот го побара, но истовремено е должен внимателно да се однесува кон тврдењето и да го провери најмалку од страната што е обвинета за такво однесување, односно од градоначалничката или од службите на Град Скопје. И жалителката и редакцијата се согласуваат дека прашањата биле упатени, со тоа што жалителката тврди дека 7-те минути пред да биде објавен текстот не се разумно време за одговор.

Комисијата сака да укаже дека недоволно транспарентното работење и затвореноста на институциите за одговор на медиумите поттикнуваат шпекулативни наводи и не придонесуваат за правилно информирање на јавноста. Притоа, беше нагласено и дека таквата затвореност на службите за информирање на Град Скопје е пракса на која повеќекратно било укажувано од повеќе медиуми.

Сепак и при такви околности, медиумот требало да сочека и на службите да им даде разумно време за одговор, бидејќи за 7 минути навистина ниту една институција или поединец не може да реагира промптно и да даде каков било одговор. Тоа укажува дека на медиумот како да не му било важно дали ќе има одговор или коментар од страна на Градот или градоначалничката, верувајќи цврсто само во фактите што ги добил од анонимниот извор. Но дури и при таков случај медиумот требало да биде повнимателен дали тврдењето од анонимен извор ќе го пренесе во насловот, имајќи предвид дека при информирањето едно од етичките правила забранува мешање вест со коментар. Комисијата констатира дека при објавувањето на овој текст редакцијата го сторила токму тоа со фактот што тврди дека егото на градоначалничката е виновно за тоа што шесте автобуси – донација сé уште не се во редовен сообраќај. Со тоа де факто медиумот го прекршил членот 13 од Кодексот на новинарите на Македонија, а со тоа што не оставил доволно разумно време за одговор го прекршил и членот 1 од Кодексот.

Комисијата имаше и предвид дека медиумот согласно членот 3 од Кодексот го објавил и барањето за извинување и демант од страна на жалителот упатен преку нејзината адвокатска канцеларија. Поради сето погоре изложено, Комисијата се задржа на членовите 1 и 13 од Кодекот како единствени етички прекршоци направени од медиумот.

Член 1

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

Член 13

Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Снежана Трпевска, Жана Божиновска Тамара Чаусидис и Зериета Јаjага. На состанокот беше отсутен Димитар Мицев.

*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен оваа одлука да ја објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот.*

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595